Подготвил:
**Александар КЕЛТАНОСКИ**

## SAMSUNG F200 И F210

Корејската компанија "Samsung" претстави два нови мобилни телефона - F200 и F210. На прв поглед се забележуваат футуристичкиот дизајн и посебните музички копчиња, што јасно дава до знаење дека овие модели, пред сè, ѝ се наменети на младата тинејџерска популација. Моделот F200 е tri-brand GSM телефон со 1,46-инчен 128Ч220 262K колор TFT дисплеј, медиа плеер, USB и Bluetooth конективност, 5 мегабајти внатрешна меморија и слот за microSD мемориска картичка. Вториот модел е F210, кој за разлика од F200, е нешто подобар, благодарение на вградената 2-мегапикселна камера и на внатрешната меморија од 1 гигабајт. Останатите карактеристики се исти како и кај моделот F200.

## NOKIA 7500 PRISM




Финскиот гигант, кој често знае да изненади со својот неконвенционален и футуристички дизајн, претстави нов мобилен телефон од fashion серијата - моделот 7500 Prism. Имено, станува збор за мобилен од средната класа, дизајниран во класична candybar форма, меѓутоа со многу необична тастатура во форма на призма. Бидејќи станува збор за претставник на fashion серијата, Nokia 7500 Prism своето деби го имаше на модниот настан кој се одржа во Кина под покровителство на "Nokia". Што се однесува до техничките карактеристики, новиот 7500 може да се пофали со: 2-мегапикселна камера, дизајн во форма на призма, слот за microSD мемориска картичка, micro USB, 2-инчен QVGA дисплеј со 16 милиони бои, Symbian оперативен систем S40 v5. Nokia 7500 Prism ќе се појави на пазарот во третиот квартал од 2007 година, по препорачана цена од околу 210 евра.

БЕСПЛАТЕН ЗА СИТЕ ФИРМИ!




308 58 28

БЕСПЛАТЕН КАТАЛОГ

Дел од секое
СЕМЕЈСТВО!
По цена
од само
100 ден.

106 000 ПОСЕТИТЕЛИ/МЕСЕЧНО на
www.yelowpages.com.mk